

 ***Христијан Мицкоски*** Дозволете во мое лично име и во име на членовите на ВМРО-ДПМНЕ, на сите православни верници во Република Македонија да им го честитам големиот христијански празник, Рождество Христово- Божиќ.

Посакувам овој светол празник, секој граѓанин на нашата татковина да го дочека во здравје, мир и благосостојба. Нека светоста на денот ги огрее домовите на верниците во овие мрачни времиња, кога сме исправени пред предизвиците поврзани со здравствената и економската криза во која се наоѓаме.

Мирот во душите и безграничната љубов кон своите ближни, соседи, пријатели и сонародници нека биде ѕвездата водилка која ќе ни помогне да излеземе посилни и посплотени, затоа што само така ќе можеме да чекориме по патот на заедничкиот успех. Надежта кон подобро утре е симболот на Божиќ и никако не смееме да заборавиме на трајните христијански вредности кои го водат човека, но и целата цивилизација кон подобар живот.

Почитта, волјата и хуманоста нека бидат наш сопатник низ овие трнливи патеки кои ги чекориме. Така ќе ја изградиме иднината која ја сакаме за нас и за нашите поколенија, иднина во која зад себе ќе ја оставиме сиромаштијата, несигурноста и поразите со кои денес живееме.

Со вербата во Бога и вербата во мудроста и истрајноста на народот да чекориме кон подобро утре, оставајќи ја во заборав мрачната сегашност.

Христос се роди! Навистина се роди!

Честит Божиќ, нека е вечен празникот, нека е вечна Македонија.